Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација

## период октомври-декември 2025 година

Скопје, јануари 2026 година

# 131

физички и правни лица поднеле претставка до КСЗД за заштита од дискриминација

# 11

случаи на утврдена дискриминација во периодот од октомври до декември 2025 година

*Изразите во овој извештај кои имаат родово значење се однесуваат подеднакво на машкиот и женскиот род*

# ПРЕДМЕТИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во четвртиот квартал на 2025 година, до КСЗД се доставени 131 претставки и тоа 104 од физички лица и 27 од правни лица.

Во споредба со истиот период во 2024 година, бројот на поднесени претставки е зголемен за 52%.

Во извештајниот период КСЗД поведе и една постапка по службена должност.




Од подносителите физички лица 10 не доставиле податок за припадноста на пол. Од оние кои доставиле, 49 (52%) биле жени и 45 (48%) биле мажи.




Во однос на националната припадност, 46 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 34 биле Македонци, 4 Роми, 2 Албанци, 2 Турци, 1 Србин и 1 Бошњак. 14 граѓани означиле друга етничка припадност.




Во поглед на возраста, најмногу претставки се поднесени од граѓани на возраст 31-40 години (25 претставки) и 41-50 години (21 претставки).

Податок за нивната возраст не доставиле 40 подносители на претставки.

## МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ




62 претставки поднеле граѓани и правни лица од Скопје. Потоа следат:

- 16 претставки од Охрид
- по четири од Битола, Илинден и Тетово
- по три од Велес, Гостивар, Долнени и Штип
- по две од Куманово, Прилеп и Пробиштип
- по една претставка од Берово, Виница, Врапчиште, Гевгелија, Делчево, Демир Капија, Јегуновце, Кичево, Кочани, Маврово и Ростуше, Неготино, Петровец, Ресен и Струмица.

Четири претставки се поднесени од граѓанска организација со седиште во Белгија.
Пет подносители не навеле адресен податок во претставките.

## ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ЧЕТВРТИОТ КВАРТАЛ НА 2025




Во четвртото тримесечје на 2025 година, КСЗД донесе вкупно 117 одлуки по предмети за заштита од дискриминација.

Донесени се 49 мислења по спроведена постапка за утврдување на дискриминација, од кои во 11 случаи се утврди дискриминација, а во 38 не се утврди дискриминација.

Се отфрлиле, односно не била поведена постапка или била запрена постапката по 68 претставки.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Видови на утврдена дискриминација




Во четвртиот квартал на 2025 година се утврдени три случаи на директна дискриминација, три случаи на интерсекциска дискриминација, два случаи на индиректна дискриминација, два случаи на вознемирување и еден случај на сексуално вознемирување.

Интерсекциската дискриминација, во два случаи е утврдена како интерсекциско вознемирување, а во еден како директна интерсекциска дискриминација. Поттикнување на интерсекциска дискриминација е утврдено во случајот на сексуално вознемирување.

## Основи на утврдена дискриминација




Во случаите на дискриминација утврдени во четвртиот квартал на 2025 година констатирана е повреда на правото на еднаквост врз девет различни основи. Во седум од случаите се утврди дискриминација врз една основа, а во четири - врз две и повеќе основи.

Најчеста основа на дискриминација е етничката припадност која е утврдена во вкупно шест случаи.

Потоа следат основите пол, род, лично својство и општествен статус, бременост, попреченост, јазик, место на живеење и нечленување во синдикат.

## Области на утврдена дискриминација




Најмногу од утврдените случаи на дискриминација во четвртиот квартал на 2025 година се во областа на јавното информирање и медиуми. Од четири утврдени случаи, три се заради објавување вознемирувачки содржини на социјалните мрежи, а еден - на телевизиска емисија.

КСЗД утврди дискриминација и во областите работата и работните односи, образование, пристап до добра и услуги и пензиското осигурување.

## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

### Дискриминација на пензионери

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди индиректна дискриминација врз пензионерите кои не живеат во Република Северна Македонија, а која произлегува од измените и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со кој на пензионерите кои живеат надвор од земјава, им е ускратено правото на зголемување на пензијата.

КСЗД им препорача на Министерството за социјална политика, демографија и млади, во соработка со Собранието на РС Македонија, во рок од 180 дена, да преземат мерки за измена на членовите од Законот за пензиско и инвалидско осигурување кои предизвикуваа нееднаков третман на пензионерите кои не живеат на територијата на земјава.

Повеќе за случајот прочитајте на следниот линк.

### Дискриминација врз вработени кои не се членови на синдикат

Вработена во детска градинка во Виница, по навршени 10 години работен стаж во истата установа, поднела барање за остварување на правото на јубилејна награда. За разлика од други вработени, на кои им било донесено решение за исплата на јубилејна награда во висина на една просечна нето плата во РСМ, на подносителката ѝ било донесено решение за исплата на надоместок во износ од 50% од просечната нето плата затоа што, според образложението на директорот на установата, кој ги донел решенијата, вработената не е членка на синдикат.

Комисијата утврди дека ваквото постапување претставува директна дискриминација во областа на работата и работните односи, врз основа на нечленување во синдикат и упати препорака работодавачот да изврши воедначена исплата на јубилејната награда на подносителката на претставката, како и на сите други вработени кои не се членови на синдикатот, а го оствариле правото на јубилејна награда.

Повеќе за случајот прочитајте на следниот линк.

ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368
+ 389 23 216 892

contact@kszd.com
www.kszd.mk